МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 43 став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопнаство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕ И ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за одобрување на институција за производство на семе и одгледувалиште на пчелни матици.

## Член 2

Барањето за одобрување на институција за производство на семе и одгледувалиште на пчелни матици се поднесува на образец, на хартија во бела боја во А-4 формат.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на институцијата/одгледувалиштето- подносител на барањето, адреса и седиште на институцијата/одгледувалиштето- подносител на барањето, ЕМБС на институцијата/одгледувалиштето, презиме и име на одговорното лице во институцијата/одгледувалиштето, контакт телефон, датум и место на поднесување на барањето, име, презиме и потпис на подносителот на барањето и место за печат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16).

Бр.14-3912/4

7 април 2016 година

Скопје

Министер за земјоделство,

шумарство и водостопанство,

м-р Михаил Цветков, с.р

Прилог

ДО
Министерството за земјоделство,
шумарство и водостопанство

# Б А Р А Њ Е
## за одобрување на институција за производство на семе и одгледувалиште на пчелни матици

од

________________________________________________________________
(назив на институцијата/одгледувалиштето-подносител на барањето)

________________________________________________________________
(адреса и седиште на институцијата/одгледувалиштето-подносител на барањето)

со ______________________________________
(ЕМБС на институцијата)

________________________________________________________________
(име и презиме на одговорното лице во институцијата/одгледувалиштето)

___________________________________
(контакт телефон)

Датум и место                                        Поднесител на барањето

__________________                    ____________________________________

М.П.